Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 04.05.2022

На 03.05.2023 во 19.00 часот кај место викано „Рамно", на шумскиот пат кон Бањашница, општина Чучер Сандево, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Танушевци при Регионалниот центар за гранични работи Север ги лишиле од слобода К.Ј.(19) од с.Брест, скопско О.Ш.(27) с.Арачиново, скопско. Тие биле затекнати со две товарни возила при нелегална сеча на огревно дрво на државно земјиште. Дрвата биле одземени и предадени на претставници од ЈП „Национални шуми" – Караџица, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 03.05.2023 во 12.50 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Л.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.05.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.З.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.05.2023 во 09.00 часот на Граничен премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода Ц.Г.(63) од Република Турција затоа што на увид приложил фалсификуван зелен картон за товарното возило со полуприколка кое го управувал. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (03.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 247 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 133 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 114 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (03.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 199 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 46 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 38 мерки за прекршоци што ги прават пешаците, четири санкции за возење под дејство на алкохол...
На 03.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 22 прекршоци, од кои 16 во населено место и 6 надвор од населено место. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои, 8 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 1 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за користење мобилен телефон, 1 за некористење на заштитна кацига и 2 за непрописно паркирање.

На 03.05.2023 во 11.50 час во Полициската станица Гази Баба, Л.С.(53) од Скопје пријавила дека во с.Трубарево, скопско, била касната од куче со сопственик.

На 03.05.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Драчево, А.С.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Хаџи Николов" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 03.05.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Драчево, С.А.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (04.05.2023), полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи – Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал со полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ и ОВР Гевгелија ги лишиле од слобода А.Д.(44) и Ж.Д.(66), двајцата од с.Богородица, гевгелиско. Во нивните домови, со судска наредба биле извршени претреси, при што во домот на А.Д. во с.Богородица биле пронајдени и одземени две ловечки пушки, воздушна пушка, самострел, 99 патрони ловечка муниција, 272 боеви куршуми од различен калибар и два оптички нишани. При претрес во домот на Ж.Д. во с.Богородица биле пронајдени и одземени еден ловечки карабин, воздушна пушка, една цевка за ловечка пушка, 107 патрони ловечка муниција и 44 боеви куршуми од различен калибар. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Г.А.(24) од Република Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.05.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 03.05.2023 во 09.30 часот во СВР Скопје, М.З.(56) од Скопје пријавил дека околу 03.30 часот во близина на Кале во Скопје бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.05.2023 во 07.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.Т.(61) и Б.Т.(45) двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.05.2023 во 21.10 часот во Полициската станица Центар, Г.А.(32) од Прилеп пријавил дека на кеј на река Вардар бил каснат од куче скитник.

На 03.05.2023 во 15.30 часот во СВР Скопје, С.И.(59) пријавила дека околу 15.00 часот на подрачјето на Аеродром била физички нападната од М.В.Т.(52), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.М.(37) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „убиство во обид" и „бегство на лице лишено од слобода". На 12.01.2023 на автопатот „Пријателство", додека бил вршен спровод на пријавениот, осудено лице, од Казнено-поправната установа Идризово до Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје, тој одзел службен пиштол од вработен во затворската полиција и испукал еден проектил, со кој го ранил. Притоа, службеното возило застанало, а пријавениот излегол од возилото и влегол во патничко возило „ауди" без регистарски ознаки и заминал.

На 03.05.2023 во 11.20 часот во Полициската станица Гази Баба, А.Р.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" бил каснат од куче скитник.

На 04.05.2023 во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 25.04.2023 пред главниот влез од Националната опера и балет во Скопје биле одземени четири месингани плочи со ликот на Мајка Тереза. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава Б.Н.(60) од село Другово, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „послужување во службата". Во периодот од 01 до 09.02.2023, пријавениот како вработен во Шумското претпријатие Кичево се послужил со приклучна приколка за патничко возило која била оставена во кругот на претпријатието и неовластено ја однел во својот дом.

На 03.05.2023 во 13.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека при извршување работни задачи на станбена зграда на улица „Мара Угринова" во Гостивар, 49-годишниот гостиварец И.А. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 04.05.2023 во 02.48 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Скендер Бег Кастриот" во Скопје настанал пожар во патничко возило „форд мондео" со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.А.(54) од Скопје. Од пожарот, кој бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, бил оштетен дел од фасада на куќа и прозорите. Увид е извршен од увидна екипа на СВР Скопје.

На 03.05.2023 во 12.20 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца- Козле било пријавено дека од домот се оддалечил нивниот штитеник М.А.(16), кој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 03.05.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Кичево, В.С.(53) од Кичево пријавил дека на пешачка патека на кејот во Кичево бил каснат од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет